Пациентите вклучени во истражувањето се поделени во две групи: ***контролна група***, кај која се применува физикална терапија која вклучува: лумбална тракција; мануелна масажа при хроничен миофасцијален болен синдром; обработка на тригерни точки; криотерапија; ласер терапија по Валеовите точки за намалување на болката од компресијата и ***експериментална група***, кај која се применуваат: акупресура во болни точки, гуаша терапија и туина – кинеска масажа. *Конвенционални дијагностички методи:* анамнеза, клинички преглед, функционално тестирање и тестирање на мобилноста на ‘рбетот и долните екстремитети, проценка на мускулната сила и симптомите на притисок на нервниот корен. *Комплементарни дијагностички методи*: дијагнозата се поставува според принципите на традиционалната кинеска медицина (ТКМ) и диференцијацијата на синдромот. *Целта на истражувањето е:* да се направи споредба на постигнатите ефекти од третманот со конвенционални и комплементарни методи кај пациенти со лумбален синдром. *Главната*

*цел на третманот е:* да се постигне намалување на болката и да се зголеми на обемот на движење кај засегнатите пациенти.

По завршување на третманот кај пациенти со лумбален синдром, сумирани се постигнатите ефекти и направена е споредба на постигнатите промени од применетите конвенционални и комплементарни методи. Кај пациентите од двете групи е постигнато, задоволително намалување на болката и зголемување на опсегот на движења во лумбалната област. Кај пациентите од експериментална група, каде што се применува акупресура во болни точки, гуаша терапија и туина масажа, постигнати се многу побрзи резултати во споредба со пациентите од контролната група. Третманот со физикална терапија доведува до намалување на болката и зголемување на опсегот на движења во лумбалниот дел. Кинезитераписките вежби ги зајакнуваат стомачните и паравертебралните мускули и формираат цврст мускулен корсет за правилно држење на ‘рбетот. Примената на кинезитерапија има важна улога во третманот на пациенти со лумбален синдром, чија цел е зајакнување на мускулите кои го поддржуваат ‘рбетот.

*Кај комплементарните методи на лекување се забележуваат многу побрзи резултати во споредба со конвенционалните методи на лекување.*

6. **Nikolovska, Lence** (2023). *Ефективност на физикалната терапия и рехабилитация при лечение на пациенти със синдром на горен торакален отвор.* In: IX Национален конгрес на на Асоциацията на физиотерапевтите в България, 15-16 Dec 2023, Plovdiv, Bulgaria.https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33211

Синдромот на горниот торакален излез (thoracic outlet syndrome - TOS) претставува една од најконтроверзните теми во мускулно-скелетната медицина и рехабилитација, во секој аспект на патологијата, патофизиологијата, дијагнозата и третманот. Вклучува широк спектар на клинички манифестации со различна етиологија кои произлегуваат како резултат на компресија на невроваскуларните структури на ниво на горниот торакален отвор. Најчести симптоми се едностарна болка и мускулна слабост во засегнатата област. *Етиологија*: Субклавијалната артерија (a. subclavia), субклавијалната вена (v. subclavia) и брахијалниот плексус (plexus brachialis), кои минуваат помеѓу клучната коска и првото ребро, се структури кои се предмет на компресија. Трите клучни точки на компресија кај синдромот на горен торакален излез (TOS) се: петрозен триаголник, костоклавикуларен простор и субкоракоиден простор. *Целта на студијата* е да се утврди ефикасноста на физикална терапија и рехабилитација во третманот на пациенти со синдром на горниот торакален излез. *Главната цел на рехабилитацијата е* да се врати ширината на анатомските простори, чија компресија е основа на патологијата. Примената на Физикална терапија е поврзана со значително подобрување на симптомите кај 50 до 90% од пациентите. Терапевтските препораки зависат од етиологијата на синдромот на горниот торакален излез. Кај повеќето пациенти со невроген TOS се препорачува нехируршки (конзервативен) пристап. *Методи на истражување:* Извршено е систематско пребарување на базите на податоци на PubMed, Embase и The Cochrane Library. Во 2019 година е спроведена ретроспективна студија за да се потврди ефективноста на специфичната програма за рехабилитација на

синдромот на горниот торакален излез и да се процени дали физикалната терапија може да ги ублажи симптомите на пациентите.

**Резултати:** Резултатите од студијата покажуваат дека пациентите со синдром на горниот торакален излез покажале значително подобрување по шестмесечна физикална терапија и администрација на нестероидни антиинфламаторни лекови (НСАИЛ), TENS (транскутана електрична нервна стимулација) и мускулни релаксанти. Со помош на инјектирање на ботулински токсин (BTX-A) се постигнува мускулна декомпресија и намалување на болката. Исто така, инјекциската терапија со стероиди и локални анестетици покажала добри резултати, особено за проблемот со парестезија.

Евалуација на сите трудови и активности на кандидатот по изборот за вонреден професор (од 2019 год. до денес)

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во меѓународни научни списанија без импакт фактор (ИФ)**

**Во странство:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/публикација | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | **Stratorska, Tamara** and Krstev, Toshe and **Nikolovska, Lence** | *Comparation of kinesitherapy and powerplate in patients with cervicoarthrosis* | MEDIS- – International Journal of Medical Sciences and Research (**2024**), 3 (2). pp. 53-57. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34240 | Од јануари 2021 г. (4 години) |
| **8.** | **Nikolovska, Lence** and Rustemi, Fadil | *Neurorehabilitation in patients with peripheral facial nerve paresis* | Knowledge - International Journal. (**2023**). Scientific Papers, 61 (4). pp. 163-166. ISSN 2545 – 4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33231 | Од 2009 г. (15 години) |
| **9.** | **Nikolovska, Lence** and Ismani, Besart | *Effectiveness of physical therapy and rehabilitation in improving motor skills and mental function in children with cerebral palsy* | MEDIS – International Journal of Medical Sciences and Research. (**2023**). 2 (4). pp. 23-26. ISSN 2671-3497 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33245 | Од јануари 2021 г. (4 години) |
| **10.** | **Nikolovska, Lence** and Hudi, Arben | *Neurorehabilitation in newborn infants with post-partum paresis of the brachialis plexus* | UNIVERSES Open access International Journal of Academic Research Universes in Medical Sciences. (**2023**). 1 (3). pp. 42-46. ISSN 2955-2117 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33561 | Од 2011 г. (4 години) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.** | **Nikolovska, Lence** and Taci, Abdulraim | *Physical therapy and neurorehabilitation of patients with cerebrovascular stroke* | MEDIS – International Journal of Medical Sciences and Research. (**2023**), 2 (4). pp. 67-70. ISSN 2671-3497<br><br>https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/33246 | Од јануари 2021 г. (4 години) |
| **12.** | **Nikolovska, Lence** | *Impact of respiratory gymnastics on post-covid patients* | In: International Scientific Conference- Knowledge. (**2022**). Capital of the future 16-18 December. Bansko Bulgaria<br>https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31392 | Од 2009 г. (15 години) |
| **13.** | **Nikolovska, Lence** and Gelova, Olgica and Spasov, Mire | *Effects of physical activity with different intensity on adult patients* | Knowledge, Capital of the future. (**2021**). 48 (3). 08 -11 October, 2021, Kavala, Greece. ISSN 2545-4439<br><br>https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31864 | Од 2009 г. (15 години) |
| **14.** | **Nikolovska, Lence** and Stojanova, Natalija and Spasov, Mire | *Role of Kegel exercises during pregnancy and after childbirth* | In: XXXIII International Scientific Conference - Knowledge Capital of the future. (**2021**). 08-11 October, Kavala, Greece<br><br>https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31867 | Од 2009 г. (15 години) |
| **15.** | **Nikolovska, Lence** and Arsik, Nenad | *Role of Yumeiho therapy and acupressure in reducing back pain due to scoliosis and kyphosis of the spine* | KIJ - Knowledge Capital of the future. (**2021**)., 47 (4). pp. 711-717. ISSN 2545 – 4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28404 | Од 2009 г. (15 години) |
| **16.** | **Nikolovska, Lence** and Mitkovska, Silvana | *Efficacy of acupuncture on pain relief in patients with rheumatoid arthritis* | Knowledge - International Journal, ScientificPapers. **2020**)., 40 (5). pp. 949-953. ISSN 2545-4439<br><br>https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24486 | Од 2009 г. (15 години) |
| **17.** | **Nikolovska, Lence** and Simic, Bozidar | *Treatment of patellar tendinopathy* | International Journal Knowledge. (**2020**)., 40 (5). pp. 987-991. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24488 | Од 2009 г. (15 години) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **18.** | **Nikolovska, Lence** and Markova, Zana | *Methods for neuromuscular reeducation for reducing motor deficit and muscle spasm in people with cerebral palsy* | Knowledge International Journal Scientific Papers. Knowledge. (**2020**) , 38 (4). pp. 79-84. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23982 | Од 2009 г. (15 години) |
| **19.** | **Nikolovska, Lence** and Radinski, Bojan | *Treatment of patients with fibromyalgia with methods of traditional Chinese medicine* | Knowledge.International Journal Scientific Papers. (**2020**), 38 (4). pp. 937-943. ISSN 1857-923Xhttps://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23983 | Од 2009 г. (15 години) |
| **20.** | **Nikolovska, Lence** and Timevska, Simona | Rehabilitation of patients with ankylosing spondyloartritis | Knowledge International Journal, Scientific Papers (**2019**), 35 (4). pp. 1189-1194. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23980 | Од 2009 г. (15 години) |
| **21.** | **Nikolovska, Lence** and Gjorgieva, Stefanija and Spasov, Mire | *The role of acupuncture in the rehabilitation of paralysis of n. facialis* | Knowledge - International Journal, Scientific Papers. (**2019**), ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22469 | Од 2009 г. (15 години) |
| **22.** | **Nikolovska, Lence** and Bojcevska, Evgenija | *Effects of acupuncture in the treatment of distortion of the articulatio talocruralis* | Knowledge International Journal Scientific Papers (**2019**), 30 (4). pp. 989-993. ISSN 2545 – 4439 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22810 | Од 2009 г. (15 години) |
| **23.** | **Nikolovska,Lence** and Mitkov,Vlatko and Nikolovski,Mario and Stratorska,Tamara and Krstev,Toshe | *Лечение на наранявания на меките тъкани при спортисти с акупунктура* | Спорт и наука – научно-методическо списание ISSN 1310-3393 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24471 | Од 1904 г. 50 години |
| **24.** | **Nikolovska, Lence** and Male, Kristi and Nikolovski, Mario | *Treatment of tendinit of the Achilles tendon in athletes with the methods of Ttraditional Chinese Medicine* | In: International scientific conference „Sports and recreation", 29 Nov - 01 Dec (2019), Blagoevgrad - R.Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23978 | Години на издавање |
| **25.** | **Nikolovska, Lence** and Andonov, Deni and Krstev, Toshe and Adziska, Tamara | The effects of RICE protocol and kinesiotape in the treatment of patients with acute lateral ankle sprain | In: International scientific conference "Sports and recreation" (2019), 29 Nov-01 Dec 2019, Blagoevgrad, R.Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23977 | Години на издавање |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **26.** | **Nikolovska, Lence** and Stamenkova, Zaklina | *Presence of physical deformities among the young population on the territory of the city of Skopje* | In: XXIII International Scientific Conference - Knowledge in practice, 12–15 Dec 2019, Bansko, Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23979 | Од 2009 г. (15 години) |
| **27.** | **Во земјава:** **Nikolovska, Lence** and Bogdanovska, Hristina | *Efficiency of decongestive physiotherapy methods in patients with lymphedema* | In: XXXII International Scientific Conference – Knowledge. (**2021**). Capital of the future, 19-22 Aug 2021, Struga, N.Macedonia https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28408 | Од 2009 г. (15 години) |
| **28.** | Kantargjioski, Orde and **Nikolovska, Lence** | *Третман на мускулно-скелетна болка* | Медикус - Информативен гласник на јавното здравство (2021), 11 (31). pp. 26-28. ISSN https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/283981857-5994 | Од 2010 г. |
| **29.** | Andov, Pane and **Nikolovska, Lence** (2021) | *Застапеност и рехабилитација на фрактури на клавикула во* детска *возраст* | Medicus - Informativen glasnik na javnoto zdravstvo. (2021), 11 (31). pp. 14-15. ISSN 1857-5994 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28399 | Од 2010 г. |
| **30** | Jigiz, Ertan and Nikolovska, Lence | *Ефикасност на традиционалната кинеска медицина при лекување на хумероскапуларен периартрит* | Medicus - Informativen glasnik na javnoto zdravstvo (2021), 11 (31). pp. 22-24. ISSN 1857-5994 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28400 | Од 2010 г. |

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од 1997 г. до 2007 г., кандидатката д-р Ленче Николовска била вработена во Медицински центар – Кочани.

Од 2007 г. до денес работи на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Со Одлука на Матичната комисија (бр. 866 од 4.6.2007 год.), кандидатката е избрана во наставно звање предавач на ВЗШ – наставна област клиничка медицина, за периодот од 4.6.2007 година до 3.6.2011 година.

Врз основа на рефератот од Рецензентската комисија објавен во „Универзитетски билтен“ бр.59 од 3.5.2011 година, Наставно-научниот совет на својата 48. седница, одржана на 19.5.2011 година, ја избира Ленче Николовска во наставно звање виш предавач за наставна област применета кинезиологија, за периодот од 19.5.2011 година до 19.5.2015 година.

Врз основа на рефератот од Рецензентската комисија објавен во „Универзитетски билтен“ бр.143 од 16.3.2015 година, Наставно-научниот совет на својата 137. седница, одржана на 2.4.2015 година, ја избира Ленче Николовска во звање доцент на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за наставно-научна област кинезиологија, за периодот од 20.5.2015 година до 20.5.2019 година.

Со Одлука бр.2002-268/7 од 24.12.2019 година, Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки на својата 235. седница, одржана на 24.12.2019 година, ја избира доц. д-р Ленче Николовска за наставник во наставно-научно звање вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област кинезиологија за време од 5 години.

Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр.243 од 2.12.2019 година.

I. **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

**Вонр. проф. д-р Ленче Николовска учествува во спроведувањето на наставата на сите три циклуси на студии.**

*На првиот циклус на студии* на Факултетот за медицински науки била ангажирана на предметите од различни студиски програми:

- Физикална медицина и рехабилитација – тригодишни стручни студии за физиотерапевти - 2 семестар;
- Ерготерапија и медицинска рехабилитација кај лица со посебни потреби – 4 семестар;
- Кинезитерапија и рехабилитација во гинекологија и акушерство – 6 семестар;
- Физикална медицина и рехабилитација за медицински сестри – тригодишни стручни студии – 6 семестар.

Д-р Ленче Николовска е акредитиран ментор на втор циклус студии и е вклучена во наставата на вториот циклус на сите три студиски програми:

Специјалистички стручни студии по:

- Неврорехабилитација,
- Традиционална кинеска медицина и
- Специјалистички стручни студии по Физикална медицина и рехабилитација со кинезитерапија.

На Специјалистичките стручни студии по неврорехабилитација е ангажирана за предметот:

- Физикална терапија во неврорехабилитацијата – задолжителен предмет – 1 семестар (3+2) – 6 ЕКТС.

На Специјалистичките стручни студии по традиционална кинеска медицина е ангажирана за предметите:

- Методи за лекување со традиционална кинеска медицина – задолжителен предмет – 1 семестар (3+2) – 6 ЕКТС;
- Гуаша терапија – изборен предмет – 1 семестар (2+3) – 3 ЕКТС.

На Специјалистичките стручни студии по физикална медицина и рехабилитација со кинезитерапија е ангажирана за предметот:

- Современи методи на кинезитерапија кај телесни деформитети – 1 семестар (3+2) – 6 ЕКТС.

**Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници**

Врз основа на извештајот од Стручната комисија бр.08-951/3 од 25.10.2022 година, Одборот за акредитација на високото образование на

44. седница, одржана на 19.10.2022 година, донесе Решение за акредитација на ментор на докторски студии. Д-р Ленче Николовска, вонреден професор на студиската програма Општа медицина – Базични и клинички истражувања во медицината, на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, се акредитира за ментор на докторски студии на студиската програма Општа медицина – Базични и клинички истражувања во медицината, од трет циклус студии, бр. на акредитација 08-389/9 од 17.8.2021 година. Моментално е ментор на двајца докторанди на студиската програма Базични и клинички истражувања на Факултетот за медицински науки. Учествува во наставата на трет циклус студии на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината. На третиот циклус на студии е ангажирана за предметот Физикална медицина со кинезитерапија.

Вонр. проф. д-р Ленче Николовска во изборниот период од вонреден професор досега била ментор на 19 студенти на втор циклус студии и учествувала како член на комисија за одбрана на 15 специјалистички трудови во рамките на вториот циклус на студии, била ментор на 21 студент на прв циклус студии и учествувала во голем број на комисии за одбрана на дипломска работа или завршен испит на Факултетот за медицински науки.

Во изборниот период од вонреден професор досега била:

- визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа на Факултетот за здравствени науки на Студиската програма за физиотерапија во летен семестар, во периодот од почетокот на март до крајот на јуни 2024 г.;
- учествувала на Првата меѓународна седмица по „Еразмус+“ програмата од 7 до 11 ноември 2022 г., одржана на Југозападен универзитет „Неофит Рилски“ во Благоевград, Р. Бугарија, со Одлука за одобрување бр.2002-285/23 од 21.10.2022 г.

**Рецензент на научна публикација, учебник и учебни помагала**

Кандидатката д-р Ленче Николовска во изборниот период досега била:

- претседател на Рецензентска комисија за избор на асистент на м-р Тамара Аџиска за наставно-научната област физикална медицина со принципи на рехабилитација (30506) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со Одлука бр. 2002-167/13 од 7.6.2022 година, донесена на 279. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 7.6.2022 година.

Претседател на Рецензентска комисија на учебник по Основи на кинезитерапија (од авторот Данче Василева) со Одлука бр. 2002-40/44 од 28.1. 2022 г.

**Претседател на Рецензентска комисија на учебник** со наслов Функционална дијагноза на локомоторен апарат (од авторот Тоше Крстев) со Одлука бр. 2002-219/27 од 1.9.2023 г.

## II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Резултат на научноистражувачка работа на д-р Ленче Николовска од

областа на кинезиологијата се голем број на објавени научни трудови во меѓународни и домашни списанија, нејзино активно учество и презентации на конгреси и конференции, како во земјата, така и во странство. Сите нејзини објавени научни трудови се достапни во електронска форма на е-репозиториумот на УГД - Штип.

**Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД**

За потребите во наставата за предметите кои ги предава во првиот циклус на студии, вонр. проф. д-р Ленче Николовска е автор на следниве ракописи. До изборот во редовен професор на Факултетот за медицински науки д-р Николовска има издадено:

**Учебник:** Topuzov, Ivan and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and Vasileva, Dance and Stratorska, Tamara (2018). *Кинезиологија со патокинезиологија и патобиомеханика.* Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски», Скопје, Универзитет „Гоце Делчев» - Штип, Факултет за медицински науки, Штип. ISBN 978-608-244-545-8 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20554

**Скрипта: Nikolovska, Lence** and Vasileva, Dance and Krstev, Toshe and Stratorska, Tamara (2016) *Клиничка кинезитерапија.* COBISS. MK-ID 101797386. Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски», Скопје, Универзитет „Гоце Делчев» - Штип, Факултет за медицински науки. ISBN 978-608-244-342-3 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17003

**Практикум / прирачник: Kraydjikova, Leyla** and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and Vasileva, Dance and Stratorska, Tamara (2016) *Мануелна терапија и мобилизација на периферни зглобови.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-311-9 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17009

**Скрипта: Krstev, Toshe** and Nikolovska, Lence and Vasileva, Dance and Stratorska, Tamara (2020) *Медицинска масажа.* ISBN 978-608-244-753-7. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27755

**Практикум: Nikolovska, Lence** and Krstev, Toshe and Vasileva, Dance and Stratorska, Tamara (2014) *Практикум по клиничка кинезитерапија.* ISBN 978-608-244-131-3. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12564

**Скрипта: Nikolovska, Lence** (2014) *Физикална медицина и рехабилитација 1 и 2 - општ и специјален дел.* ISBN 978-608-244-130-6. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12565

## III. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

Раководител на Рекреативен центар при УГД – Штип. Кандидатката д-р Ленче Николовска е основач и раководител на Рекреативен центар, кој постои од 1.2.2014 година во склоп на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Освен за практична настава и вежби за студентите од студиските програми за физиотерапевти од прв и втор циклус на студии, служи и за апликативна и истражувачка дејност.

Претседател е на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за медицински науки при УГД – Штип.

На 11. седница на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 22.9.2023 година, со Одлука бр. 2006-240/3, вонр. проф. д-р Ленче Николовска едногласно е избрана за претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со мандат од три години.

Директор на Јавна установа „Центар за традиционална кинеска медицина“, Министерство за здравство на Република Северна Македонија, 2.9.2015 – 2.2.2018 година.

Раководител на стручна пракса на студентите од Студиската програма за физиотерапевти:

- раководител на Стручна пракса 1 на студентите од втор семестар;
- раководител на Стручна пракса 2 на студентите од четврти семестар.

Иницијатива и потпишан договор за соработка со други универзитети, институции, организации и сл.

- Потпишан Договор за наставно-стручна и научна соработка со РЕ Одделение за физикална медицина и рехабилитација – ЈЗУ Клиничка болница – Штип.
- Потпишан Договор за наставно-стручна и научна соработка со ДОО Катлановска Бања – Катланово – Скопје.

**Елаборати и експертизи**

Вонр. проф. д-р Ленче Николовска активно учествува во изработката на елаборатите за:

**1.** Елаборат за реакредитација на студиска програма Стручни студии за физиотерапевти, прв циклус на студии, тригодишни студии;

**2.** Елаборат за Специјалистички стручни студии по традиционална кинеска медицина (2022/2023);

**3.** Елаборат за Специјалистички стручни студии по невророхабилитација (2022/2023);

**4.** Елаборат за Специјалистички стручни студии по физикална медицина и рехабилитација со кинезитерапија (2022/2023);

**5.** Елаборат за реакредитација на Студиска програма за општа медицина на ФМН.

**Раководител на катедра, оддел, центар, стручно здружение, асоцијација**

Раководител на Катедра по физикална медицина и кинезитерапија и на Студиската програма за физиотерапевти од основањето во 2007 година до 28.6.2024 година (*се повлекува од функцијата поради здравствени причини*).

**Член на факултетски орган, комисија, работна група**

- Член на Наставно-научен совет на Факултетот за медицински науки – ФМН.
- Член на Наставно-научен совет на трет циклус докторски студии на – ФМН.

Се прикажуваат активностите кои се составен дел на табелите во Правилникот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Проф. д-р Ленче Николовска, вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област применета кинезиологија (5.09.01.02) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на анализата на приложените документи, како и врз основа на личното познавање со кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната нејзина досегашна работа и позитивна оценка од самоевалуацијата, проф. д-р Ленче Николовска има особен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност во областа применета кинезиологија, како и организациско-развојната дејност во сите три циклуси на студии. Како резултат на нејзината севкупна активност (НО=187) + (НИ=123) + (САОР=46), проф. д-р Николовска **има остварено 356 поени,** со што ги исполнува условите за избор во редовен професор.

Врз основа на приложениот материјал и изнесените податоци, како и во согласност со Законот за високо образование на Р. Северна Македонија и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатката вонреден професор д-р Ленче Николовска да биде избрана во наставно-научното звање редовен професор за наставно-научната област применета кинезиологија и Одлуката за изборот да ја достави до Универзитетскиот сенат на потврдување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Вујица Живковиќ, редовен професор, претседател, с.р.
Проф. д-р Серјожа Гонтарев, редовен професор, член, с.р.
Проф. д-р Саша Миленковиќ, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Избор во звање вонреден професор | | | | | **40** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | | | |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) (ред.бр. 1, 2, 3, 4, 5, 6) | | | **6** | **9** | **54** |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (трет автор) | | | **1** | **3** | **3** |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) (ред.бр. 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17) | | | **10** | **9** | **90** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **187** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) (ред.бр.18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27) | | | **10** | **9** | **90** |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание во земјата (прв автор) | **1** | | **1** | **2** | **2** |
| | Одбранета докторска дисертација | | | **1** | **8** | **8** |
| | Одбранет магистерски труд | | | **1** | **4** | **4** |
| | Визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа на Факултетот за здравствени науки, од март до крајот на јуни 2024 г. | **1** | **5** | | | **5** |
| | Учество на Првата меѓународна седмица по Еразмус+ програмата, 7-11 ноември 2022 г. | | | **1** | **5** еднократно | **5** |
| | Претседател на Рецензентска комисија за избор на асистент | **1** | **3** | | | **3** |
| | Претседател на Рецензентска комисија за учебник | **1** | **3** | | | **3** |
| | Претседател на Рецензентска комисија за учебник | **1** | **3** | | | **3** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **123** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Учебник | **1** | **10** | | | **10** |
| | Раководител на Рекреативен центар при УГД – Штип од 2014 г. | **1** | **3** | | | **3** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за медицински науки при УГД - Штип | **1** | **3** | | | **3** |
| | Директор на Јавна установа „Центар за традиционална кинеска медицина“, Министерство за здравство на РСМ (2.9.2015 – 2.2.2018 година) | **1** | **3** | | | **3** |
| | Раководител на стручна пракса на студентите од Студиската програма за физиотерапевти:<br><br>Стручна пракса 1<br><br>Стручна пракса 2 | **2** | **3** | | | **6** |
| | Иницијатива и потпишан Договор за стручна и научна соработка со РЕ Одделение за физикална медицина и рехабилитација – ЈЗУ Клиничка болница – Штип<br><br>Потпишан Договор за наставно-стручна и научна соработка со ДОО Катлановска Бања – Катланово – Скопје | **2** | **3** | | | **6** |
| | **Елаборати и експертизи**:<br><br>Активно учество во изработка на 5 елаборати за:<br><br>Реакредитација на Општа медицина<br><br>Стручни студии за Физиотерапевти<br><br>Втор циклус спец стручни студии по Неврорехабилитација<br><br>Традиционална кинеска медицина и Физикална терапија и рехабилитација со кинезитерапија<br><br>Специјалистички стручни студии по Физикална медицина и рехабилитација со кинезитерапија | **5** | **3** | | | **15** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **310** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **356** |

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ПРОГНОСТИЧКИ ФАКТОРИ НА ХЕПАТАЛНИ МЕТАСТАЗИ СЛЕДЕНИ ПРЕКУ КОМПЈУТЕРСКА ТОМОГРАФИЈА И УЛТРАЗВУК КАКО КОМПАРАТИВНИ МЕТОДИ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**

Со Одлука бр. 0206-305/7, донесена на 3.4.2025 год. на седницата на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Прогностички фактори на хепатални метастази следени преку компјутерска томографија и ултразвук како компаративни методи“, на англиски јазик „Prognostic factors of hepatic metastases monitored through computed tomography and ultrasound as comparative methods“, пријавена и изработена од кандидатката д-р Габриела Димова, во состав:

- проф. д-р Климе Ѓорески, претседател;
- проф. д-р Дева Петрова, член;
- проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова, член;
- проф. д-р Антонио Глигориевски, член и интерен ментор;
- проф. д-р Мери Трајковска, член и екстерен ментор.

Комисијата во горенаведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

1. **Анализа на трудот**

Докторската дисертација која е пријавена и доставена од страна на докторандот д-р Габриела Димова, специјалист по радиологија, претставува оригинален труд кој е во согласност со програмата на третиот циклус студии на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината. Истата е напишана на околу 160 страници, единечен проред, А4 формат, со вкупно 61 табели, 30 графикони, 19 слики и 126 референци во печатена и во електронска форма.

Содржината во трудот опфаќа десет поглавја, организирани според следниов редослед: Вовед, Мотив, Цели, Материјали и методи, Обработка на резултати од анализата, Резултати, Дискусија, Заклучок, Опис на кратенки и Консултирана литература. Во понатамошниот тек од овој извештај е даден краток осврт за секое поглавје од докторската дисертација.

Во *Воведот* кандидатката постепено навлегува во предметот на интерес во студијата, почнувајќи од фактот дека малигните болести се едни од најголемите здравствени предизвици на глобално ниво и главен општествен, јавно-здравствен и економски проблем во 21 век, со трите најзастапени типови на карциноми: белодробен карцином, карцином на дојка и колоректалниот карцином. Според последните обработени официјални податоци од СЗО во светот има околу 20 милиони новооткриени случаи. Хематогената дисеминација на карциномот со појавата на секундарни метастатски депозити, а не примарната болест, е таа која е одговорна за

повеќе од 90% од смртните случаи. Воведувањето во предметот и целите на студијата кандидатката го продолжува со отстапување простор и на појавата на хепатални метастази, при што истакнува дека околу 20-25% од пациентите со дијагностициран карцином развиваат хепатални метастази од кои 15-25% од овие случаи претставуваат синхрони метастази, т.е. се откриваат со откривањето на примарниот тумор. Развојот на хепаталните метастази се одвива во две главни фази: преметастатска ниша и посттуморска инвазија која се формира по влегување на малигните клетки во хепарот и се состои од 4 фази: микроваскуларна фаза (туморните клетки се инфилтрираат и заробуваат од синусоидалните крвни садови); екстраваскуларна, преангиогена фаза; ангиогена фаза (одговорна за снабдување со кислород и нутритиенти на туморните клетки); фаза на раст каде што метастатските клетки се размножуваат и се зголемуваат во детектибилна туморска маса. Заради целосен пристап, во воведувањето доволен простор е отстапен и на радиодијагностиката која игра главна улога за откривање на примарната болест, нејзиниот стадиум, присуство или отсуство на секундарни депозити, одговор на терапија, како и надзор за евентуални рецидиви. Тековниот предизвик за радиодијагностичките методи е обезбедувањето на репродуктивна, неинвазивна метода, која е високосензитивна и специфична и која добро се поднесува од страна на пациентот. Неинвазивноста, цената, нејонизацијата, доброто прифаќање од страна на пациентите, како и глобалната достапност е тоа што го прави ултразвукот најчесто прв избор за скрининг кај пациенти со малигни болести и /или суспектни хепатални метастази и е широко користен за евалуација на истите. Бројни студии докажуваат дека сензитивноста на ултразвук варира од 50-76%, а зависи најмногу од големината на лезијата. Мултидетекторната компјутерска томографија е релевантна имиџинг метода овозможувајќи волуметриска аквизиција со висококвалитетни мултипланарни реформатирани слики и основата за стејџинг и follow up на оваа група на пациенти, бидејќи обезбедува слики во висока резолуција, со дебелина на пресеци во милиметри, што резултира со изотропна големина на пиксели, кое овозможува сликите да бидат реформатирани во различни рамнини кои се уште ќе ја имаат истата резолуција, како и сликите од аксијалните пресеци. Со оваа предност се подобрува детекцијата на помали лезии. Магнетната резонанца е методата која еволуира најмногу во последната декада, вклучувајќи хардверски и софтверски развој, како и употреба на специфични интравенски контрастни медиуми. Технолошката надградба потенцијално дозволува поквалитетен имиџинг кај пациенти кои не соработуваат, што е еден од главните предизвици за МР. Меѓу другите методи за дијагностика, кандидатката д-р Габриела Димова ги споменува и ПЕТ/КТ, ПЕТ/МР, како и најновите достигнувања со вештачка интелигенција. И покрај тоа што многу неинвазивни имиџинг техники се докажани како ефикасни во детекцијата на хепаталните метастази, како што се УЗ, КТ, ПЕТ/КТ, како и МР, секоја од нив нудејќи некои предности и недостатоци во однос на другата, оптималната стратегија за имиџинг метода се уште останува недизајнирана. Недостигот на протокол за работа кој би се користел во широки рамки – world wide defined protocol е поради континуираниот и брз технолошки и фармаколошки развој кои

прогресивно ги подобруваат перформансите на секој имиџинг модалитет. Оттука произлегува и јасно определениот мотив на кандидатката за вакво истражување, со достапните ресурси во нашата клиника, КТ и УЗ, за да добиеме оптимални резултати со цел да ги заштитиме пациентите од изложување на јонизација, истакнува д-р Димова. Во поглавјето *Цели на истражувањето* јасно се дефинирани сите поставени цели кои се определени од аспект на: споредба помеѓу двете имиџинг техники УЗ и КТ еволуирани во однос на детекција, карактеристики, дијагноза и одговор на терапија; супериорноста на КТ, како метода во однос на УЗ при детекција и следење на хепатални метастази; дали како резултат на хемотерапијата се менува и како се менува ехогеноста или дензитетот на секундарните депозити во хепар; дали и какви разлики има во појавата на хепатални метастази во однос на нивната ехогеност и дензитет за различните видови малигноми; дали е потребно трифазно контрастно скенирање на КТ; дали во одредени случаи ултразвукот може да ја замени компјутерската томографија поради своите бенефити во однос на достапност, неинвазивност, нејонизација и економичност.

Во поглавјето *Материјали и методи* детално се опишани сите методи на истражувањето. Кандидатката во рамките на димензионираноста на студијата како ретропроспективна и компаративна студија, а во контекст на целите на студијата обработува податоци од пациенти со веќе дијагностициран и патохистолошки докажан примарен карцином со потекло од гастроинтестинален тракт и дојка и присуство на синхрони метастази кај 82 пациенти во временска лонгитуда која дава огромно значење на целата студија.

Поглавјето *Обработка на резултати од анализата* содржи јасно и прецизно објаснување на примената на соодветна статистичка програма за обработка на резултатите, почнувајќи од статистичката програма SPSS for Window23,0. Добиените податоци се прикажани табеларно и графички. Категориските (атрибутивни) варијабли се прикажани со апсолутни и релативни броеви. Согласноста меѓу ултразвукот и компјутерската томографија во детектирање на хепатални метастази пред и по хемотерапија, како и согласноста на ултразвукот пред и по хемотерапија, и на компјутерската томографија пред и по хемотерапија е одредена со Карра индексот. Резултатите се анализирани според следната табела за вредностите на Карра индексот: <0 – не постои согласност,< 0,20 многу слаба согласност, 0,21-0,40 слаба согласност; 0,41-0,60 умерена согласност; 0,61-0,80 добра согласност; 0,81-1,00 многу добра согласност. За споредување на примарните карциноми на ГИТ и на дојка во однос на бројот, големината и локализацијата на хепаталните метастази е користен Chi-square test. Дијагностичката вредност на ултразвучната метода во однос на компјутерската томографија е одредена со пресметување на сензитивноста и специфичноста во одредување на хепатални метастази. Разликата во процентот на потврдени изо, хипо, хипер и прстенести промени со ултразвук и компјутерска томографија пред и по хемотерапија е тестирана со McNemar тестот. Статистичката сигнификантност е дефинирана на ниво на $p<0.05$. Резултатите од истражувањето д-р Димова ги прикажува со табели, графикони и слики во истоименото поглавје.

Имено, овде кандидатката резултатите од статистичките анализи ги прикажува со вредност p, означувајќи ја статистичката значајност секаде каде што е присутна.

Д-р Габриела Димова сите добиени резултати од перспектива на резултати во студиите кои обработуваат слична проблематика елоквентно ги евалуира и цитира, така што при секоја споредба на резултатите добиени во истражувањето со претходно објавени дава логични образложенија за сличностите и разликите меѓу нив. Исцрпниот компаративен пристап резултира со богата дискусија и логични заклучоци за евентуалните разлики помеѓу студиите, што упатува на огромното научно-општествено и клиничко значење на студијата, нејзините предности и ограничувања која е поместена во поглавјето *Дискусија*.

Во поглавјето *Заклучоци* јасно се дава одговор на поставените цели. Кандидатката д-р Габриела Димова заклучува дека импликативно КТ како златен стандард во дијагностицирањето веќе го има потврдено и докажано своето значење низ многу ретро и проспективни студии, а ова истражување е уште една потврда за тоа. Но, нејзините ризици и последици од јонизација се уште не се акцентираат во доволна мерка, па оттаму предност се дава на нејзините бенефити за разлика од последици. Во студијата се добиени резултати при споредба на двете дијагностички методи истовремено во кои случаи ултразвукот може да биде метод за следење на хепаталните метастази, без да се направи превид во дијагностицирањето на истите, а кога КТ останува златен стандард за стејџинг и follow up на промените во хепар. Истражувањето во оваа докторска дисертација покажа дека дијагностичките имиџинг методи се постојан и неисцрпен извор на истражување. Во контекст на интенцијата на оваа студија да се утврди која од достапните радиодијагностички техники дава најверодостојни информации, а во исто време е сензитивна, безбедна и лесно достапна за пациентите, во истражувањето определбата се однесува на УЗ и КТ како најчесто користени дијагностички имиџинг техники во секојдневната пракса. Пациентите со примарен карцином на ГИТ и дојка кои беа вклучени во истражувањето најчесто беа на возраст 60-79 години и 60-69 години, соодветно. Од примарните тумори на ГИТ најчест беше колоректалниот карцином. Од карциномот на дојка најчест беше лошо диференциран дуктален карцином. Во однос на бројот на метастатски депозити преовладуваа мултипни метастази, метастазите помали од 2 цм беа почести кај пациентките со карцином на дојка, додека поголеми депозити преовладуваа кај пациентите со карцином на ГИТ и тоа кај колоректален карцином. Супкапсуларна локализација беше почеста кај пациентките со карцином на дојка.

Во однос на постоење на статистички сигнификантна разлика помеѓу УЗ и КТ како посебни имиџинг техники во однос на детекција, карактеристики, дијагноза и одговор на терапија кај пациенти со хепатални метастази анализите на добиените резултати од истражувањето покажаа:

- Најдобра согласност помеѓу артериска фаза на КТ и УЗ кај пациентите со примарен карцином на ГИТ пред започнување на хемотерапија има при детекција на прстенести метастази. Венска и доцна фаза на КТ не покажаа согласност со УЗ кај оваа група на пациенти. На компаративните прегледи

по завршување на хемотерапија нема согласност помеѓу артериска и венска фаза на КТ со УЗ, а во доцна фаза постои слаб степен на согласност.

- Кај пациентките со карцином на дојка пред започнување на хемотерапија артериска и венска фаза на КТ со УЗ најдобро се согласува при детекција на прстенести лезии, а во доцна фаза на КТ и УЗ најдобра согласност има кај изо промените. По спроведената хемотерапија кај групата пациентки со карцином на дојка во сите три фази има слабо ниво на согласност помеѓу УЗ и КТ.
- Во однос на сензитивноста и специфичноста на УЗ спрема КТ кај групата на пациенти со карцином со потекло од ГИТ УЗ спрема КТ во артериска фаза има максимална сензитивност при детекција на хиперехогени метастази, додека кај пациентките со карцином на дојка УЗ во однос на венска фаза на КТ има највисока сензитивност при детекција на прстенестите промени;
- Специфичноста на УЗ е најголема во детекција на хипоехогените промени и во обете групи споредбено со КТ во венска фаза кај пациентките со карцином на дојка, и КТ во доцна фаза кај пациентите со карцином на ГИТ.

Што се однесува до супериорноста на КТ во однос на УЗ кога станува збор за детекција и следење на хепатални метастази истражувањето ја потврди супериорноста на КТ како во однос на трите фази на КТ и УЗ постои слаба согласност помеѓу УЗ и доцна фаза на КТ кај пациентите со потекло од ГИТ, кај пациентките со карцином на дојка не се прикажа согласност во однос на венска фаза.

Во однос на ехогеноста и васкуларноста, како и дензитетот на секундарните депозити во хепар по спроведената хемотерапија анализата на резултатите покажа дека бројот на изоехогени хепатални метастази видени на УЗ кај пациентите со карцином на ГИТ пред започнувње со хемотерапија се менува за сметка на хипоехогени промени по завршување на хемотерапијата, на КТ прегледите направени во артериска фаза бројот на хиподензни промени се намалува за сметка на изодензни по завршување на хемотерапија. Додека, пак, кај пациентките со карцином на дојка хипоехогените промени претрпуваат морфолошки промени по спроведената хемотерапија во однос на структурата и ехогеноста со намалување на бројот на хипоехогени метастази пред хемотерапија за сметка на зголемен број изоехогени по завршена хемотерапија.

Двете имиџинг техники користени во истражувањето дадоа различен приказ на ехогеноста и дензитетот на хепаталните метастази во двете групи на пациенти и тоа кај пациентите со хепатални метастази со примарен карцином со потекло од ГИТ преовладуваат изоехогени метастатски промени на ултразвук, а нивната дистрибуција на првиот КТ преглед во артериска фаза е највисока при приказ на хиподензните промени. Од друга страна, во групата на пациенти со хепатални метастази со потекло од карцином на дојка на првиот ултразвук најголем дел од промените се прикажани хипоехогени, на првиот КТ преглед во артериска фаза преовладуваат изодензните промени.

Емпириски се потврди дека трифазното контрасно скенирање на КТ не е неопходно секогаш, бидејќи порталната фаза на КТ направена 60

секунди по интравенска апликација на контраст останува најсензитивна за детекција на хепатални метастази, со дијапазон на приказ на хиподензни метастази за двете групи пациенти на КТ прегледите пред и по хемотерапија од 65,85% до 96,7%.

Дилемата кога УЗ може да ја замени КТ поради своите бенефити во однос на достапност, неинвазивност, нејонизација и економичност делумно е решена со добиените резултати кои говорат дека кај пациентите со карцином од ГИТ преовладува бројот на изоехогени метастази на компаративните прегледи на УЗ, па за оваа група на пациенти КТ останува златен стандард за детекција и следење на истите; а пак кај пациентките со карцином на дојка се со поголем број откриени хипоехогени метастази на УЗ, па според тоа во оваа група детекцијата и следењето може да се одвиваат само со УЗ како самостоен дијагностички имиџинг.

2. **Научен придонес**

Врз база на статистички обработените и прикажани резултати од истражувањето во оваа докторска дисертација може да го истакнеме следниов научен придонес и препораки кои се резултат на претходно споменатите заклучоци од студијата: ова истражување го дополнува постоечкиот корпус на знаење со нови податоци во делот на радиодијагностиката. Имено, импликативно КТ како златен стандард во дијагностицирањето веќе го има потврдено и докажано своето значење низ многу ретро и проспективни студии. Но, нејзините ризици и последици од јонизација се уште не се акцентуираат во доволна мерка, па оттаму предност се дава на нејзините бенефити за разлика од последици. Во студијата се добиени резултати при споредба на двете дијагностички методи истовремено во кои случаи ултразвукот може да биде метод за следење на хепаталните метастази, без да се направи превид во дијагностицирањето на истите, а кога КТ останува златен стандард за стејџинг и follow up на промените во хепар, истакнува д-р Габриела Димова.

Апликативноста на ова истражување дава свој придонес и е еден чекор напред во формирањето на протокол за работа кај пациенти со синхрони метастази со потекло од карциноми на гастроинтестинален тракт и дојка.

3. **Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

Кандидатката д-р Габриела Димова пред одбраната на докторската дисертација ги објавила следните рецензирани научни трудови:

1. Gabriela Dimova, M. Karakolevska Ilova, A.Gligorievski, S.Ivanovski. DO WE REALLY NEED TRIPLE PHASE COMPUTED TOMOGRAPHY TO DETECT AND FOLLOW-UP LIVER METASTASES OF GIT (GASTROINTESTINAL TRACT) ORIGIN?. Medical Journal Medicus 2024, Vol. 29 (3): pp. 274-280 https://www.medalb.com/revista/medicus-dhjetor-2024.pdf
2. Gabriela Dimova, A. Gligorievski, M. Karakolevska Ilova. US OR CT WHEN IT COMES TO MONITORING HEPATIC METASTASES IN PATIENTS WITH PRIMARY GIT AND BREAST CANCER? COMPARATIVE RESULTS OF SENSITIVITY AND SPECIFICITY OF CT AND US. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR) -Volume 76, No 1, pp 50-57, https://gssrr.org/index.php/JournalOfBasicAndApplied/article/view/17328/6815

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Прогностички фактори на хепатални метастази следени преку компјутерска томографија и ултразвук како компаративни методи“, на англиски јазик „Prognostic factors of hepatic metastases monitored through computed tomography and ultrasound as comparative methods“, пријавена и изработена од кандидатката д-р Габриела Димова и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран и јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални резултати. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет ги исполнува условите потребни за понатамошна нејзина презентација и одбрана.

Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Прогностички фактори на хепатални метастази следени преку компјутерска томографија и ултразвук како компаративни методи“, пријавена и изработена од докторандот д-р Габриела Димова и да одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Климе Ѓорески, претседател, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, ред. проф. во пензија.

Проф. д-р Дева Петрова, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,

Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,

Проф. д-р Антонио Глигориевски, член и интерен ментор,
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,

Проф. д-р Мери Трајковска, член и екстерен ментор,
Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје,

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| ФМН | 0206-305/12 од 8.4.2025 г. | „Влијание на постоперативна атријална фибрилација врз краткорочни и долгорочни клинички состојби“ | „Impact of postoperative atrial fibrillation on short and long term clinical conditions“ | Проф. д-р Голубинка Бошевска, ментор, проф. д-р Сашко Кедев, екстерен ментор | Ана Марија Тасева |
| | 0206-305/9 од 8.4.2025 г. | „Значењето на компјутерската томографија како дијагностички метод во детекција на патолошките промени на мозочниот паренхим и церебралните крвни садови кај пациенти со дијабетес тип 2“ | „The significance of computer tomography as a diagnostic method in the detection of pathological changes in the parenchyma and cerebral blood vessels of patients with type 2 diabetes“ | Проф. д-р Гордана Камчева Михаилова, ментор, проф. д-р Билјана Пргова, екстерен ментор | Магдалена Симеонова |
| | 0206-305/10 од 8.4.2025 г. | „Истражување на практики, познавања и ставови во врска со пропишување на биолошки оригинаторни и биолошки слични лекови (биосимилари)“ | „Assessment of practices knowledge, and atitudes in prescribing originator biologic and biosimilar drugs“ | Проф. д-р Катарина Смилков, ментор, проф. д-р Зорица Наумовска, екстерен ментор | Марија Трајчулевски |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА**

| **Билтен 15.4.2025 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА** | 1. Аспекти на хармонскиот јазик на Суитата бр. 2 од балетот „Лабин и Дојрана“ од композиторот Трајко Прокопиев | 1402-52/6 од 28.3.2025 год. | Проф. д-р Валентина Велковска-Трајановска | Зоран Настов |
| **ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ** | 2. Рано учење на англискиот јазик како прв странски јазик во предучилишното образование во Република Македонија | 1902-209/16 од 27.11.2018 год. | Проф. д-р Нина Даскаловска | Бранкица Ивановска |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | 3. Улогата на акушерката во превенција и третман на постпартално крварење | 2002-85/27 од 3.4.2025 год. | Проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова | Сања Буклишева |
| | 4. Улога на сестрата во превенција од ширење на инфекции на неонатална интензивна нега и терапија во ЈЗУ УК ГАК | 2002-85/26 од 3.4.2025 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Санела Николовска-Георгиевски |
| | 5. Улогата на патронажната сестра при посета и едукација на жената со постпартална психоза | 2002-85/25 од 3.4.2025 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Маја Мишиќ |
| | 6. Важни аспекти поврзани со професионалното задоволство и стресот при работа на профилот медицинска сестра | 2002-85/24 од 3.4.2025 год. | Проф. д-р Татјана Тројиќ | Билјана Момчиловиќ |
| | 7. Користење на хипербарен анестетик при sectio caesarea | 2002-85/23 од 3.4.2025 год. | Проф. д-р Татјана Тројиќ | Благица Стојкова-Трајковска |
| | 8. Користење на ниски дози на локален анестетик при sectio caesarea | 2002-85/22 од 3.4.2025 год. | Проф. д-р Татјана Тројиќ | Валентина Димитриоска |
| | 9. Предоперативна анестезиолошка припрема кај пациентки за гинеколошка операција | 2002-85/21 од 3.4.2025 год. | Проф. д-р Татјана Тројиќ | Даница Стојкова |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПОДГОТОВКА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1702-71/10 од 13.3.2025 година донесена на 71. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, одржана на 13.3.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област подготовка на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- д-р Мирјана Голомеова, редовен професор во пензија на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област подготовка на минерални суровини, претседател;
- д-р Благој Голомеов, редовен професор во пензија на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област подготовка на минерални суровини, член;
- д-р Дејан Мираковски, редовен професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна област вентилација и техничка заштита, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 27.2.2025 година и во предвидениот рок се пријави:

1. Д-р Афродита Зенделска, вонреден професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Афродита Зенделска е родена на 25 април 1983 година во Штип, каде што завршила основно и средно гимназиско образование со континуиран одличен успех. Во 2006 година дипломирала на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на Катедрата за минерална технологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечна оценка 8.72 и се стекнала со звање дипломиран рударски инженер. Во 2010 година, по завршувањето на предвидените испити со просечна оценка 10.00, го одбранила магистерскиот труд со наслов „Проценка на квалитетот на водите, почвите и седиментите во околината на хидројаловиштето на рудникот Саса и неговото влијание врз животната средина“ на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. На 9 септември 2015 година ја одбранила докторската дисертација со наслов „Можности за примена на природни суровини при прочистување на руднички води загадени со тешки метали“ на Факултетот за природни

и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со што се стекнала со научен степен доктор на технички науки.

По дипломирањето, кандидатката волонтирала во ЈП Исар, РЕ Водовод и канализација, како референт за подземен катастар, а во септември 2007 година е вработена во Рудникот за олово и цинк „Саса“, како инженер за лабораториски испитувања. Од 31.12.2007 година д-р Афродита Зенделска е во редовен работен однос на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, најпрво како асистент на Факултетот за природни и технички науки, на 18.12.2015 година е избрана во наставно-научно звање доцент, а на 3.9.2020 година на Факултетот за природни и технички науки е избрана за наставник во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област подготовка на минерални суровини (Одлука бр. 1702-126/5 од 7.9.2020 година).

Со Одлука бр.1702-211/6 од 29.9.2022 година избрана е во продекан на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор според Правилникот за критериумите за избор и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на УГД.***

Кандидатката д-р Афродита Зенделска има:

**Општи услови за избор:**

1. Диплома за доктор на науки од соодветната научна област (доктор на технички науки, област подготовка на минерални суровини);
2. Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (остварен просек на додипломски четиригодишни студии - прв циклус 8.72 и оствареният просек на постдипломски студии - втор циклус 10.00;
3. Претходно е избрана во наставно-научно звање вонреден професор (Одлука бр. 1702-126/5 од 7.9.2020 година);
4. Има објавено минимум шест рецензирани меѓународни трудови во референтна научна публикација согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објава на Конкурсот: кандидатката има објавено 44 научни труда во последните пет години (од кои 22 научноистражувачки труда во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации, од кои ги издвојуваме следниве шест):

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието /импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Mirakovski, D., **Zendelska, A.,** Boev, B., Hadzi-Nikolova, M., Sijakova-Ivanova, T., Doneva, N., Boev, I., Dimov, G., Doneva, E., Mihailovska, A. (2024) | Evaluation of PM2.5 Sources in Skopje Urban Area Using Positive Matrix Factorization. | Environmental Modeling & Assessment. ISSN 1420-2026 / e-ISSN:1573-2967 | Прво издание 1996 година<br><br>Impact factor (2023) = 2.7 Springer Journal |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | **Zendelska, A**., Pancevska, V., Golomeova, M., Golomeov, B., Mirakovski, D., Hadzi-Nikolova, M. Doneva, N., (2022) | Characterization and isothermal studies of Cd removal from aqueous solutions using sludge-based activated carbon | Desalination and Water Treatment, 276. pp. 142-149. ISSN ISSN Print 1944-3994, ISSN Online 1944-3986 | Прво издание 2009 година<br><br>Impact Factor (2021) = 1.27 Elsevier Journal |
| 3 | Mirakovski, D., Damevska, K., Simeonovski, V., Nikolovska, S., Boev, B., Petrov, A., Sijakova-Ivanova, T., **Zendelska, A.**, Hadzi-Nikolova, M., Boev, I., Dimov, G., Darlenski, R., Kazandjieva, J., Damevska, S., Situm, M. (2022) | Use of SEM/EDX methods for the analysis of ambient particulate matter adhering to the skin surface | Journal of the European Academy of Dermatology and Venereology. ISSN 1468-3083 | Прво издание 1999 година<br><br>Impact factor (2021): 9.228, Wiley Journal |
| 4 | Hadzi-Nikolova, M., Dimov, G., Mirakovski, D., **Zendelska, A**., Doneva, N. Zlatkovski, V., Maragkaki, A., Papadaki, A., Sabathianakis, G. Manios, T. Poda, K., Naskova, Lj., Misseris, T., Zapounidis, K., Lazarov, D., (2022) | Biowaste Management and Circular Economy: Usage of Pay as you Throw System and Autonomous Composting Units in Municipality of Probishtip | Circular Economy and Sustainability, 2. pp. 1283-1300 | Прво издание 2021 година Springer Journal<br><br>Индексирано во Scopus |
| 5 | **Zendelska, A.,** Trajanova, A., Golomeova, M., Golomeov, B., Mirakovski, D., D. Doneva, N., Hadzi-Nikolova, M (2022) | Comparison of Efficiencies of Neutralizing Agents for Heavy Metal Removal from Acid Mine Drainage | Journal of Mining and Environment, 13 (3). pp. 679-691. ISSN Print ISSN: 2251-8592 Online ISSN: 2251-8606 | Прво издание 2010 година<br><br>Индексирано во Web of Science, Scopus |
| 6 | Doneva,N.**, Zendelska, A.**, Hadzi-Nikolova, M., Mirakovski,D., Dimov, G., (2021) | Implementation of innovative technologies pay-as-you-throw and autonomous composting units for biowaste management. Scaling up the biowaste project in the municipality of Probishtip, Republic of North Macedonia. | Environment Protection Engineering, 47 (3). pp. 53-65. ISSN 2450-260X | Прво издание 2003 година<br><br>Impact Factor (2021) = 0.887 |

5. Потврда за познавање на англиски јазик (Preliminary English Test на ниво B1 од Cambridge);

6. Покажува способност за изведување високообразовна дејност. Имено, кандидатката д-р Афродита Зенделска ја докажува способноста за вршење на наставно-научна и образовна дејност преку успешниот ангажман како редовно вработена на Факултетот за природни и технички науки при УГД - Штип.

**Посебни услови:**

1. Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати. Кандидатката има учествувано во повеќе научноистражувачки проекти меѓу кои:

- 2020 - 2021 година учесник е во проектот: *Utilizing Pay as You Throw Systems and Autonomous Composting Units for Biowastes Management in Touristic Areas (BIOWASTE)* - број BMPL/22/2156/2017 на програмата: Interreg V-B Balkan Mediterranean, како експерт по работен пакет 5: Проценка на влијанието врз животната средина.
- 2021 – 2022 година е учесник во проектот „Справување со загадувањето на воздухот во градот Скопје“, проект во организација на УНДП, а финансиски поддржан од Кралството Шведска;
- 2022 година, „Transboundary Air Pollution Health Index Development and Implementation (TRAP)“, Студија за пропорционирање на изворот на загадување на воздухот во Битола, имплементиран од INTERREG IPA CBC Greece – Republic of North Macedonia;
- 2020-2021 година, Transboundary Air Pollution Health Index Development and Implementation, TRAP-CN1-SO2.3.-SC030 финансиран од Interreg IPA CBC програмата, Reference: CCI: 2014TC16I5CB009, имплементиран од страна на Центарот за климатски промени, Гевгелија, МЖСПП.
- 2023 – 2025 година е учесник во проектот „Справување со загадувањето на воздухот во пет општини: Кавадарци, Струмица, Струга, Куманово и Гостивар“, проект во организација на УНДП, а финансиски поддржан од Кралството Шведска.

2. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници. Кандидатката д-р Афродита Зенделска е ментор на две студентки на втор и тројца студенти на трет циклус студии и активно работи со демонстраторите и асистентите на Факултетот за природни и технички науки.

3. Рецензиран учебник, Афродита Зенделска, Рециклажни технологии (2022), ISBN: 978-608-244-912-8, https://www.doi.org/10.46763/9786082449128, објавен на е-библиотека на линк: http://e-lib.ugd.edu.mk/1075

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, од 31 декември 2007 година, кандидатката д-р Афродита Зенделска е избрана во соработничко звање помлад асистент на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Првите три години работела како помлад асистент, а во август 2011 година била избрана во соработничко звање асистент во научната област *подготовка на минерални суровини* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Со Одлука број 1702-358/9 од 24.12.2015 година била избрана во наставно-научно звање доцент за наставно-научна област подготовка на минерални суровини, а со Одлука бр. 1702-126/5 од 7.9.2020 година е избрана во наставно-научно звање вонреден професор на истата област.

Со Одлука бр.1702-211/6 од 29.9.2022 година е избрана во продекан на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Како доцент, а подоцна и вонреден професор успешно ја изведува и организира наставата на прв циклус студии на студиската програма Рударство, Инженерство за заштита на животна средина и Индустриска логистика по предметите: Подготовка на минерални суровини, Третман на отпадни води, Рециклажни технологии, Управување со комунален отпад, Техники на опробување и анализи, Операциони истражувања, Модели на оптимизација и Заштита на животната средина и реверзибилна логистика.

На втор циклус студии е ангажирана како наставник на студиската програма Инженерство за заштита на животна средина на предметите: Загадување и третман на отпадни води, Управување со отпад и Третман на отпад и рециклажни технологии, како и на студиската програма Подготовка на минерални суровини на предметите: Методи на испитување во ПМС, Индустриски процеси во ПМС, Третман на отпадни води и Рециклажни технологии.

Како доцент и вонреден професор била ментор на повеќе од дваесет дипломски работи, член на комисија за одбрана на повеќе од дваесет дипломски работи, ментор на два магистерски труда и член на комисија за одбрана на десетина магистерски трудови.

Како вонреден професор на Факултетот за природни и технички науки вклучена е во наставата на трет циклус студии и има добиено акредитација за менторство на студиските програми Инженерство за заштита на животна средина и Подготовка на минерални суровини.

Има реализирано меѓународна мобилност преку Еразмус+ програмата со 8 наставни часа во период од 22.4.2024 година до 26.4.2024 година на Универзитетот во Каунас (Kaunos technikos kolegia) во Литванија.

Учествувала на голем број домашни и меѓународни конференции, конгреси и симпозиуми. Како автор или коавтор има објавено повеќе научни трудови. Активностите се презентирани во е-репозиториумот, објавени на веб-страницата на УГД. Кандидатката, исто така, е дел од тимот на повеќе научноистражувачки и апликативни проекти. Кандидатката има добиено признание за научен придонес на Универзитетот „Гоце Делчев“ за 2022 година.

***Кандидатката д-р Афродита Зенделска, од последниот избор до денес, ги има објавено следниве трудови:***

***Трудови објавени во меѓународни списанија со импакт-фактор***

1. Mirakovski, Dejan and Zendelska, Afrodita and Boev, Blazo and Hadzi-Nikolova, Marija and Sijakova-Ivanova, Tena and Doneva, Nikolinka and Boev, Ivan and Dimov, Gorgi and Doneva, Elena and Mihailovska, Ana (2024) Evaluation of PM2.5 Sources in Skopje Urban Area Using Positive Matrix Factorization. Environmental Modeling & Assessment. ISSN 1420-2026 / e-ISSN:1573-2967

**Кратка научна евалуација на трудот под реден број 1**

Во овој труд е прикажана состојбата со квалитетот на воздухот во Скопје и извршено е пропорционирање на изворите на загадување на воздухот. Детално е опишана локацијата каде што се врши мерењето и земањето на примероците, потоа детално е опишана постапката за

земањето на примероците и нивна анализа. Разработен е користениот софтвер Positive Matrix Factorisation и на крај детално се разработени и објаснети сите добиени резултати. Како заклучок може да се каже дека загадувањето на Град Скопје (и на двете мерни локации) главно доаѓа од согорувањето на биомаса со над 30%, потоа следи сообраќајот со околу 20%, и со помало учество се јавуваат: минералната прашина, секундарните аеросоли, согорувањето на мазут и нафта, палењето на оган на отворено и индустрија.

2. Zendelska, Afrodita and Pancevska, Vesna and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Mirakovski, Dejan and Hadzi-Nikolova, Marija and Doneva, Nikolinka (2022) Characterization and isothermal studies of Cd removal from aqueous solutions using sludge-based activated carbon. Desalination and Water Treatment, 276. pp. 142-149. ISSN ISSN Print 1944-3994, ISSN Online 1944-3986

**Кратка научна евалуација на трудот под реден број 2**

Во трудот е прикажана можноста за добивање на активен јаглен од тиња од пречистителна станица за отпадни води, како и негова примена како атсорбент, за отстранување на јони на кадмиум од водени раствори. Со помош на рендген дифрактометар и електронски микроскоп за скенирање беше извршена карактеризација на добиениот активен јаглен од отпадна тиња, а исто така, беше испитана и неговата атсорпциона моќ преку низа на експерименти. Резултатите покажаа дека отстранувањето на Cd од водени раствори со употреба на активен јаглен добиен од тиња од отпадни води од пречистителни станици изнесува 73,91%. Во овој труд се прикажани и резултатите од испитувањата за ефектите на параметрите: pH-вредност, масата на атсорбентот, времето на контакт и почетната концентрацијата на јони на кадмиум. Фројндлиховите и Лангмуировите атсорпциони изотерми беа користени за моделирање на добиените податоци, а атсорпциониот капацитет на добиениот активен јаглен беше определен со помош на Лангмуировите атсорпциони изотерми со кои се доби и подобро совпаѓање.

3. Mirakovski, Dejan and Damevska, Katerina and Simeonovski, Viktor and Nikolovska, S. and Boev, Blazo and Petrov, A. and Sijakova-Ivanova, Tena and Zendelska, Afrodita and Hadzi-Nikolova, Marija and Boev, Ivan and Dimov, Gorgi and Darlenski, Razvigor and Kazandjieva, J. and Damevska, S. and Situm, M. (2022) Use of SEM/EDX methods for the analysis of ambient particulate matter adhering to the skin surface. Journal of the European Academy of Dermatology and Venereology. ISSN 1468-3083

**Кратка научна евалуација на трудот под реден број 3**

Целта на трудот е да се изврши карактеризација на честичките во загадениот воздух прилепени на човечката кожа со користење на скенинг електронски микроскоп (SEM) во комбинација со дисперзивна енергетска спектрометрија на X-зраци (EDX), имајќи предвид дека кожата е изложена на влијание на бројни честички и гасовити загадувачи на воздухот. Оние на кои треба да се посвети особено внимание се честичките кои се прилепуваат на површината на кожата и подоцна може да предизвикаат директно оштетување на кожата. За остварување на ова цел беа анализирани примероци од кожа од образите и челото со

користење на лепенки кај шест волонтери изложени на урбано загаден воздух. Честичките залепени на кожата беа идентификувани во сите примероци и истите беа класифицирани во десет групи врз основа на морфологијата и елементарниот состав. Хлоридите беа најбројна група честички (21,9%), проследени со јаглеродни органски честички (20,3%), силикати (18%), карбонати (16,4%), честички богати со метал (14%) и мал број на биоаеросоли, честички слични на кварц и летечка пепел. SEM-EDX анализата обезбедува докази за контаминација на изложената кожа на различни цврсти честички присутни во воздухот од природно или антропогено потекло. Овој метод може да обезбеди нови сознанија за врската помеѓу изложеноста на аерозагадување и оштетувањето на кожата предизвикано од истото.

4. Doneva, Nikolinka and Zendelska, Afrodita and Hadzi-Nikolova, Marija and Mirakovski, Dejan and Dimov, Gorgi (2021) Implementation of innovative technologies pay-as-you-throw and autonomous composting units for biowaste management. Scaling up the biowaste project in the municipality of Probishtip, Republic of North Macedonia. Environment Protection Engineering, 47 (3). pp. 53-65. ISSN 2450-260X

**Кратка научна евалуација на трудот под реден број 4**

Управувањето со комуналниот цврст отпад сè уште е еден од главните еколошки предизвици на национално ниво и иако има национални и регионални планови за отпад, Република Северна Македонија со своите осум региони има само една стандардна активна депонија и најмалку 54 нестандардни општински депонии и стотици ѓубришта. Во трудот се прикажани еколошките придобивки од процесот на селекција на отпадот на местото на негово создавање и имплементирање на системот „Плати колку што фрлаш“ и автономните компостерски единици кои во рамки на проектот „Биоотпад“ беа имплементирани во Општина Пробиштип. Овој проект и неговото проширување и во други општини треба да биде пример и почетна точка за промена на навиките на луѓето и подигање на свеста за заштита на животната средина преку одржливи начини на управување со органскиот отпад.

***Трудови објавени во меѓународни списанија***

5. Hadzi-Nikolova, Marija and Dimov, Gorgi and Mirakovski, Dejan and Zendelska, Afrodita and Doneva, Nikolinka and Zlatkovski, Vasko and Maragkaki, Angeliki and Papadaki, Akrivi and Sabathianakis, G. and Manios, Thrassyvoulos and Poda, Katerina and Naskova, Ljubica and Misseris, Timos and Zapounidis, Kostas and Lazarov, Darko (2022) Biowaste Management and Circular Economy: Usage of Pay as you Throw System and Autonomous Composting Units in Municipality of Probishtip. Circular Economy and Sustainability, 2. pp. 1283-1300.

**Кратка научна евалуација на трудот под реден број 5**

Целта на овој труд е да се прикаже можноста за зајакнување на системот на циркуларна економија во нашата држава преку трансферот и примената на иновативни технологии за управување со органскиот отпад, како што се системот „Плати колку што фрлаш“ и автономни компостерски единици. Важен аспект на имплементацијата на претпоставките за

циркуларна економија во случајот на цврстиот комунален отпад е планот за намалување на количествата отпад на депониите и зголемување на уделот на отпад кој може да се врати во системот за рециклирање. Циркуларната економија има за цел, меѓу другите аспекти, да ги минимизира еколошките, социјални и економски штети и влијанија од цврстиот отпад, како и намалување на вкупните количини отпад.

6. Zendelska, Afrodita and Trajanova, Adrijana and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Mirakovski, Dejan and Doneva, Nikolinka and Hadzi-Nikolova, Marija (2022) Comparison of Efficiencies of Neutralizing Agents for Heavy Metal Removal from Acid Mine Drainage. Journal of Mining and Environment, 13 (3). pp. 679-691. ISSN Print ISSN: 2251-8592 Online ISSN: 2251-8606

**Кратка научна евалуација на трудот под реден број 6**

Целта на трудот е да се направи споредба на ефикасноста на повеќе соединенија за неутрализација и отстранување на тешките метали од киселите руднички дренажи. Третманот на киселинските руднички дренажи се заснова на две основни технологии, активна и пасивна технологија за третман. Без разлика која технологија се користи, потребно е да се изврши неутрализација на киселите руднички дренажии со користење на соединенија за зголемување на алкалноста, пред нивно испуштање во околните реципиенти. Во трудот е направена споредба на осум различни соединенија за неутрализација на киселите руднички дренажи ($BaCO_3$, $Na_2CO_3$, NaOH, KOH, $K_2CO_3$, MgO, $CaCO_3$ и $Ba(OH)_2$) со цел да се избере најефективното соединение за третман на киселите руднички дренажи. Експериментите се изведени со користење на повеќекомпонентен синтетички воден раствор со почетна концентрација од 10 mg/L на јоните на Cu, Mn, Zn, Fe и Pb и почетна pH-вредност на растворот од 1,9. Истражувањето покажа дека најефективно неутрализирачко средство за отстранување на тешки метали од повеќекомпонентен воден раствор е MgO, додека најмалку ефикасно средство е $Na_2CO_3$.

7. Maksimov, Bojan and Dimov, Gorgi and Zendelska, Afrodita (2024) Application of modern platforms for the acquisition of spatial data in landfill monitoring. Natural Resources and Technology, 18 (2). pp. 16-25. ISSN 1857-6966

8. Taseva, Irena and Hadzi-Nikolova, Marija and Mirakovski, Dejan and Doneva, Nikolinka and Zendelska, Afrodita (2024) Ergonomic workstation design in automotive car seats production. Natural Resources and Technology, 18 (1). pp. 39-45. ISSN 1857-6966

9. Zendelska, Afrodita and Lepitkova, Sonja and Mirakovski, Dejan and Doneva, Nikolinka and Hadzi-Nikolova, Marija and Dimov, Gorgi and Trpcevska Angelkovic, Dusica (2024) GHG Emissions from Municipal Solid Waste in North Macedonia. Natural Resources and Technology, 18 (1). pp. 15-21. ISSN 1857-6966

10. Andov, Ivica and Lepitkova, Sonja and Zendelska, Afrodita and Dimov, Gorgi (2024) Phytoremediation of contaminated soils in the vicinity of Probishtip, the Republic of North Macedonia. Natural Resources and Technology, 18 (1). pp. 22-31. ISSN 1857-6966

11. Trajanova, Adrijana and Zendelska, Afrodita and Golomeov, Blagoj and Mirakovski, Dejan and Doneva, Nikolinka and Hadzi-Nikolova, Marija (2023) Heavy metals removal from wastewater from the leaching process by neutralization. Natural Resources and Technology, 17 (1). pp. 21-25. ISSN 1857-6966

12. Arsova Neshevski, Sashka and Hadzi-Nikolova, Marija and Mirakovski, Dejan and Doneva, Nikolinka and Zendelska, Afrodita (2022) Personal noise exposure on underground mining workers. Natural Resources and Technology, 16 (1). pp. 77-81. ISSN 1857-6966

13. Pancevska, Vesna and Zendelska, Afrodita (2022) Preparation and characterization of sludge-based activated carbon. Natural Resources and Technology, 16 (1). pp. 61-67. ISSN 1857-6966

***Трудови објавени во домашни списанија***

14. Hadzi-Nikolova, Marija and Mirakovski, Dejan and Zendelska, Afrodita and Doneva, Nikolinka (2021) ЕКОЛОШКИ ПРИФАТЛИВИ ТЕХНИКИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА ФЛОТАЦИСКА ЈАЛОВИНА ВО СТАРИ ПОВРШИНСКИ КОПОВИ. Natural Resources and Technology, 15 (2). pp. 15-22. ISSN 1857-6966

15. Mirakovski, Dejan and Talevska Zhelcheska, Marija and Hadzi-Nikolova, Marija and Zendelska, Afrodita (2021) МЕРЕЊЕ НА МИРИЗБА СО СТАНДАРДНИ МЕТОДИ. Natural Resources and Technology, 15 (2). pp. 59-66. ISSN 1857-6966

16. Golomeov, Blagoj and Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana (2021) Оскултација на дренажниот систем на хидројаловиште бр. 3.2 и хидројаловиште бр. 4 на рудник Саса – М. Каменица за 2020 година. Natural Resources and Technology, 15 (2). pp. 5-13. ISSN 1857-6966

17. Zendelska, Afrodita and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj (2021) Одредување на волумен на базен за изедначување на протокот и состав на отпадна вода. Natural Resources and Technology, 15 (1). pp. 83-91. ISSN 1857-6966

18. Panov, Zoran and Adjiski, Vancho and Zendelska, Afrodita and Popovski, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila (2020) Осврт кон примена на математичко – моделиски пристапи при геомеханички лабораториски испитувања. Natural resources and technologies, 14 (14). pp. 27-38. ISSN 185-6966

19. Zendelska, Afrodita and Doneva, Nikolinka and Hadzi-Nikolova, Marija and Mirakovski, Dejan and Dimov, Gorgi (2020) Еколошки ефекти од спроведување на проектот „Биоотпад“ во Општина Пробиштип. Natural resources and technologies, 14 (14). pp. 63-70. ISSN 185-6966

20. Hadzi-Nikolova, Marija and Mirakovski, Dejan and Dimov, Gorgi and Doneva, Nikolinka and Zendelska, Afrodita (2020) Примена на автономни компостерски единици во управување со биоразградливиот отпад. Natural resources and technologies, 14 (14). pp. 71-77. ISSN 185-6966

21. Golomeov, Blagoj and Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita (2020) Контрола на филтрационите процеси низ телото на браната на јаловиште 3-2 на рудник Саса. Natural resources and technologies, 14 (14). pp. 5-12. ISSN 185-6966

22. Panov, Zoran and Adjiski, Vancho and Zendelska, Afrodita and Popovski, Risto and Karanakova Stefanovska, Radmila (2020) Approach of application of mathematical modelling in geomechanical laboratory tests. Natural resources and technology, 14. pp. 20-27. ISSN 185-6966

***Трудови објавени на меѓународни научни собири, конгреси и симпозиуми***

23. Jordanova, Elena and Necev, Vasil and Suncica, Nikolovska and Mihailovska, Ana and Zendelska, Afrodita (2024) Определување на концентрацијата на ПМ2.5 во неколку општини во Република Северна Македонија. In: V студентска конференција „Критични прашања во земјоделството и животната средина“, 13 Nov 2024, Stip.

24. Shala, Shkumbin and Mirakovski, Dejan and Zendelska, Afrodita and Shala, Mentor and Shala, Astrit (2024) Analysis of the Impact of Saharan Dust in the Rural Areas of Brezovica and the Concentration of PM10, PM2.5, NO2, O3, SO2, and CO. In: NanoBalkan Conference 2024, 28 Oct - 01 Nov 2024, Tirana, Albania.

25. Shala, Shkumbin and Mirakovski, Dejan and Zendelska, Afrodita and Shala, Mentor and Thaqi, Shpresa (2024) Concentration of PM10, PM2.5, NO2, O3, SO2, CO, in the Air of Gjilan. In: International Conference on New Achievements in Science, Technology and Arts - ICNA-STA, 4-5 May 2024, Prishtina, Kosovo.

26. Topcheva, Teodora and Hadzi-Nikolova, Marija and Doneva, Nikolinka and Zendelska, Afrodita and Mihailovska, Ana and Samardziski, Boban (2023) Personal noise exposure level among employees in schools, automotive and mining industry. In: The 20th International Conference “Man and Working Environment” Safety engineering & management – science, industry, education (SEM-SIE 2023), 7-8 Dec 2023, Nis, Republic of Serbia.

27. Hadzi-Nikolova, Marija and Mirakovski, Dejan and Doneva, Nikolinka and Zendelska, Afrodita and Topcheva, Teodora (2023) Comparison of noise pollution in agglomerations vs small urban areas. In: 20th International Conference ”Man and Working Environment“ – SEMSIE 2023, 7-8 Dec 2023, Nis, Srbia.

28. Zendelska, Afrodita (2023) AMBICON LAB on Workshop WP1-13 - Status of Environmental Laboratories in Western Balkans. In: Workshop WP1-13 - Status of Environmental Laboratories in Western Balkans, 6-7 Nov 2023, Tirana, Albania. Speach

29. Doneva, Nikolinka and Zendelska, Afrodita and Lepitkova, Sonja and Dimov, Gorgi and Hadzi-Nikolova, Marija (2023) Комуналните услуги во паметните градови. In: 11та меѓународна конференција „Комуналните услуги во паметните градови», 18-19 Oct 2023, Skopje. Speach

30. Zendelska, Afrodita and Trajanova, Adrijana and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Mirakovski, Dejan and Doneva, Nikolinka and Hadzi-Nikolova, Marija (2023) Heavy metals removal from synthetic obtained acid mine drainage using neutralizing agents. In: 19th - Balkan Mineral Processing Congress, 28-31 May 2023, Mitrovice, Kosovo.

31. Hadzi-Nikolova, Marija and Mirakovski, Dejan and Doneva, Nikolinka and Zendelska, Afrodita (2022) Сообраќајна бучава – еколошки

проблем и во малите урбани средини. In: Second Macedonian Road Congress, 03-04 Nov 2022, Skopje.

32. Golomeov, Blagoj and Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita and Mijalkovski, Stojance (2022) Идејно решение за хидротранспорт и одлагање на јаловината на јаловиште 2 – Тораница. In: XIII стручно советување од областа на подземната и површинската експлоатација (ПОДЕКС-ПОВЕКС 2022), 14-16 Oct 2021, Ohrid.

33. Doneva, Nikolinka and Golomeov, Blagoj and Mirakovski, Dejan and Hadzi-Nikolova, Marija and Zendelska, Afrodita (2022) Техники за рекултивација на хидројаловишта. In: 2-ра Конференција за хидројаловишта/2nd Conference on tailings storage facilities, 21-22 Oct 2022, Stip.

34. Golomeov, Blagoj and Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita (2022) Идејно решение за изградба на јаловиште бр. 2 Тораница – технолошки аспекти. In: 2-ра Конференција за хидројаловишта/2nd Conference on tailings storage facilities, 21-22 Oct 2022, Stip.

35. Golomeov, Blagoj and Golomeova, Mirjana and Zendelska, Afrodita and Mijalkovski, Stojance (2022) Conceptual solution for hydrotransport and disposal of tailings at tailing facility - Toranica. In: XIII Expert conference themed: Technology of underground and surface mining of mineral raw materials ”Podex – Poveks” ’22, 14-16 Oct 2022, Ohrid.

36. Doneva, Nikolinka and Despodov, Zoran and Mijalkovski, Stojance and Ivanovski, Dejan and Zendelska, Afrodita and Hadzi-Nikolova, Marija (2022) Pipe umbrella support modified method, case study: central dicline in mine Sasa. In: XIII Expert conference themed: Technology of underground and surface mining of mineral raw materials ”Podex – Poveks” ’22, 14-16 Oct 2022, Ohrid.

37. Zendelska, Afrodita and Trajanova, Adrijana and Golomeova, Mirjana and Golomeov, Blagoj and Mirakovski, Dejan and Doneva, Nikolinka and Hadzi-Nikolova, Marija (2022) Use of neutralizing agens in the removal of heavy metals from acid mine drainage. In: XIII Expert conference themed: Technology of underground and surface mining of mineral raw materials “Podex – Poveks” ’22, 14-16 October 2022, Ohrid.

38. Mirakovski, Dejan and Zendelska, Afrodita and Hadzi-Nikolova, Marija and Doneva, Nikolinka and Dimov, Gorgi (2022) Usage of Pay as you Throw System and Autonomous Composting Units in Municipality of Probishtip. In: The concept of sustainable development in law and policies: occurrence, challenges and perspectives, 2 June 2022, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia. Speach

39. Mirakovski, Dejan and Boev, Blazo and Zendelska, Afrodita and Hadzi-Nikolova, Marija and Boev, Ivan and Sijakova-Ivanova, Tena (2022) Sources of ambient particulate matter in Skopje urban area. In: 11th International Aerosol Conference (IAC), 4-9 Sept 2022, Athens, Greece.

40. Doneva, Nikolinka and Hadzi-Nikolova, Marija and Mirakovski, Dejan and Zendelska, Afrodita (2021) Regional waste management in Republic of North Macedonia: case study for East and North-East planning region. In: 2nd scientific conference for Critical environmental issues of the Western Balkan countries, October 28th to 30th, 2021. - Štip : Goce Delčev University - Štip, 2021, Shtip, North Macedonia.

41. Doneva, Elena and Mihailovska, Ana and Angelovska, Simona and Petrovska, Jovana and Mirakovski, Dejan and Zendelska, Afrodita (2021) Indoor air quality in homes using biomass for heating and cooking. In: 2nd Scientific conference for Critical environmental issues of the Western Balkan Countries, 28-30 Oct 2021, Stip, Republic of North Macedonia.

42. Hadzi-Nikolova, Marija and Dimov, Gorgi and Mirakovski, Dejan and Zendelska, Afrodita and Doneva, Nikolinka and Zlatkovski, Vasko and Maragkaki, Angeliki and Papadaki, Akrivi and Sabathianakis, G. and Manios, Thrassyvoulos and Poda, Katerina and Naskova, Ljubica and Misseris, Timos and Zapounidis, Kostas and Lazarov, Darko (2021) Introducing Pay as You Throw System and Autonomous Composting Units for Biowaste Management in Municipality of Probistip. In: Retaste: rethink food waste 2021, 6-8 May 2021, Athens, Greece.

43. Mirakovski, Dejan and Boev, Blazo and Zendelska, Afrodita and Boev, Ivan and Hadzi-Nikolova, Marija and Sijakova-Ivanova, Tena and Dimov, Gorgi and Doneva, Nikolinka (2021) Variation of black carbon concentration in cold and warm seasons in Skopje urban area. In: The Eighth WeBIOPATR Workshop & Conference Particulate Matter: Research and Management WeBIOPATR 2021, 29 Nov - 1 Dec 2021, Belgrade, Serbia.

44. Zendelska, Afrodita (2020) Project "Biowaste" and Environmental Benefits - Municipality of Probistip. In: The results of Biowaste project: Utilising Pay As You Throw Systems and Autonomous Composting Units for Biowastes Management in Touristic Areas" of the Programme Interreg V-B Balkan Mediterranean 2014-2020, 23 November 2020, speach

***Рецензиран учебник***

45. Афродита Зенделска (2022), *Рециклажни технологии*, рецензиран учебник, ISBN: 978-608-244-912-8

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката д-р Афродита Зенделска од октомври 2022 година е продекан на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Таа во изминатиот период е член на Наставно-научниот совет на факултет, како и член на повеќе факултетски комисии.

Од 2019 година е главен и одговорен уредник на списанието „Природни ресурси и технологии", кое од 2022 преминува во меѓународно списание и се издава од Факултетот за природни и технички науки.

Член е на Научниот комитет на Balkan Mineral Processing Congres од 2022 година и International Mineral Processing and Recycling Conference од 2023 година.

Во целиот изборен период д-р Афродита Зенделска е стручен соработник во лабораторијата АМБИКОН, Оддел за анализа и тестирање на материјалите при Факултетот за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во склоп на активностите во лабораторијата, таа успешно ракува со: рендген флуоресцентен спектрометар EDX-900HS од производителот Shimadzu (елементарна анализа на филтри, цврсти, течни и примероци во прав), рендген флуоресцентен спектрометар NEX CG од производителот Rigaku (елементарна анализа на филтри со аеросоли), ласерен гранулометар SALD 3101 од производителот Shimadzu (добивање на гранулометриски состав

на примерокот со големина од 5 до 3000 μm), спектрофотометар Spectroquant® Prove 600 од производителот Merck (определување на водено растворливи јони) и јоно-селективна електрода од производителот Mettler Toledo (анализа на Na).

Има рецензирано 12 научни труда во меѓународни научни списанија со импакт-фактор или индексирани во Scopus и Web of Science.

Учествува во изработка на повеќе студии и апликативни проекти за приватни компании и е дел од тимот за изработка на Просторен план на Република Северна Македонија 2021-2040, Студија за управување со отпад за Просторниот план на Република Северна Македонија (2021-2040), Универзитет „Гоце Делчев", 2023 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со член 164 од Законот за високо образование на Република Северна Македонија и членови 7, 8, 9 и 10 од Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 43 од 16.9.2019 г.), по деталното разгледување на доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека вонреден професор д-р Афродита Зенделска го исполнува вкупниот предвиден квантум (НО + НИ + САОР) на поени за избор во звање редовен професор, дури и значително го надминува, остварувајќи вкупно **270 поени**.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Афродита Зенделска, може да се заклучи дека во сите наведени дејности таа постигнала значајни резултати. Во наставно-образовната дејност, како вонреден професор, потврдила дека може да се соочи со предизвикот на ангажирање на повеќе предметни програми. Во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност се афирмирала како солиден истражувач, кој ја совладал методологијата на научно истражување, како од теориски, така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на стручно-научните собири во земјава и во странство покажува дека кандидатката ја насочила својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата која треба да и биде доверена, но истовремено дава свој придонес за афирмација на подготовката на минерални суровини, како значајна научна дисциплина.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да ја избере д-р Афродита Зенделска во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област подготовка на минерални суровини и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Мирјана Голомеова, редовен професор во пензија, претседател, с.р.
Д-р Благој Голомеов, редовен професор во пензија, член, с.р.
Д-р Дејан Мираковски, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 4 | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | **40** |
| **ВКУПНО** | | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Монографија или научна книга (реден број 45) | 1 | 10 | | | **10** |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (трудови со реден број 1-4) | 1x15<br>2x10<br>1x5 | | | 15<br>20<br>5 | **40** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (трудови со реден број 5-13) | 2x9<br>2x6<br>5x3 | | | 18<br>12<br>15 | **45** |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>(во странство: 26, 27, 30, 39, 42, 43 и во земјата: 31, 33, 34) | 3 | 2 | 6 | 3 | **24** |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство<br>(во странство: 24, 25, 28, 44 и во земјата: 23, 38, 40, 41) | 4 | 1,5 | 4 | 2 | **14** |
| 14 | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) | 3 | 2 | | | **6** |
| 15 | Уредник на научно списание | 1 | 3 | | | **3** |
| 20 | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | | | 2 | 2 | **4** |
| 22 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско- музички награди | 1 | 5 | | | **5** |
| 24 | Рецензент на научен труд<br>(СЦИ/ЦА/останати) | 12 | | | 1,5 | **18** |
| **ВКУПНО** | | | | | | **169** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание (во земјава: 14-22) | 9 | 2 | | | **18** |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (во земјава: 32, 35, 36, 37) | 4 | 2 | | | **8** |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир (во земјава: 29) | 1 | 2 | | | **2** |
| 13 | Учесник на научен проект (максимум во три проекти) | 3 | 5 | | | **15** |
| 18 | Изготвување на извештаи од анализи | 40 | 0,1 | | | **4** |
| 24 | Продекан | 8 | | | | **8** |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 3 | 2 | | | **6** |
| **ВКУПНО** | | | | | | **61** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **270** |